ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-10/16
06.07.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 5, став 4 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на одржана седница на ден 06.07.2016 година во Скопје ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за овластување за давање на информации во јавност

### Член 1

Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на седницата одржана на 06.07.2016 година согласно член 5, став 4 од Статутот на Институтот донесе одлука дека лице овластено за претставување на Институтот за давање на информации на јавноста и одговорно за нивната вистинитост е лице овластено од Управниот одбор на Институтот за односи со јавност, за кое ќе се донесе посебна одлука за негово именување.

Лицето избрано за вршење на обврските од став 1 од овој член ке ги изнесува ставовите и мислењата на Управниот одбор и Институтот по дадено поединечно одобрение на Управниот одбор за одредени прашања претходно утврдени на седница на Управниот одбор.

### Член 2

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија · Скопје · ИСОС

Ленче Папазовска ____________ Ленче Папазовска

Тихомир Мурџески ____________ Тихомир Мурџески

Орхан Рамадани ____________ Орхан Рамадани

Тони Димитровски ____________ Тони Димитровски

Златевски Јован ____________ Јован Златевски